# ОПШТИНА КРАТОВО

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА КРАТОВО

*Број 10 Година 2018*
*05.07.2018 година*
*Кратово*

*Претплата за 2018 година*
*изнесува ______________ денари*
*Тек. Сметка бр. ______________*

**Содржина** **Стр.**


- Заклучок за објавување на Одлука за давање согласност на измената и дополнувањето на Годишниот план за вработување на Општина Кратово за 2018 година ............................................ 1
- Одлука за давање согласност на измената и дополнувањето на Годишниот план за вработување на Општина Кратово за 2018 година .......... 1
- Заклучок за објавување на Буџетски календар за донесување на Буџетот на Општина Кратово за 2019 година ................................................ 2
- Буџетски календар за донесување на Буџетот на Општина Кратово за 2019 година .................................................................. 2, 3
- Заклучок за објавување на Одлука за определување ориентациона пазарна вредност на градежно изградено, неизградено и земјоделско земјиште за катастарски општини во Општина Кратово ................................. 3
- Одлука за определување ориентационапазарна вредност на градежно изградено, неизградено и земјоделско земјиште за катастарски општини во Општина Кратово ............................................... 3, 4
- Заклучок за објавување на Одлука за утврдување за донесување на урбанистичко-планска документација со која ќе се изврши усогласување на намените за к.п.1623 КО Коњух, Општина Кратово ........... 5
- Одлука за утврдување за донесувањена урбанистичко-планска документација со која ќе се изврши усогласување на намените за к.п.1623 КО Коњух, Општина Кратово ........................................................... 5
- Заклучок за објавување на Одлука за утврдување за донесување на урбанистичко-планска документација со која ќе се изврши усогласување на намените за к.п.119 КО Железница, Општина Кратово ..... 6
- Одлука за утврдување за донесување на урбанистичко-планска документација со која ќе се изврши усогласување на намените за к.п.119 КО Железница, Општина Кратово .................................................... 6

******************************************************************************************


- Заклучок за објавување на Одлука за утврдување за донесување на урбанистичко-планска документација со која ќе се изврши усогласување на намените за к.п.3997/2 КО Страцин, Општина Кратово .... 7
- Одлука за утврдување за донесување на урбанистичко-планска документација со која ќе се изврши усогласување на намените за к.п.3997/2 КО Страцин, Општина Кратово ........................................................ 7
- Заклучок за објавување на Одлука за утврдување за донесување на урбанистичко-планска документација со која ќе се изврши усогласување на намените за к.п.2056 КО Кратово, Општина Кратово....... 8
- Одлука за утврдување за донесување на урбанистичко-планска документација со која ќе се изврши усогласување на намените за к.п.2056 КО Кратово, Општина Кратово ........................................................ 8
- Заклучок за објавување на Одлука за утврдување за донесување на урбанистичко-планска документација со која ќе се изврши усогласување на намените за к.п.2053/1 КО Кратово, Општина Кратово.... 9
- Одлука за утврдување за донесување на урбанистичко-планска документација со која ќе се изврши усогласување на намените за к.п.2053/1 КО Кратово, Општина Кратово ........................................................ 9
- Заклучок за објавување на Одлука за дополнување на Годишната програма за уредување на градежно земјиште и изградба на објекти за комунална инфраструктура во Општина Кратово за 2018 година .......... 10
- Одлука за дополнување на Годишната програма за уредување на градежно земјиште и изградба на објекти за комунална инфраструктура во Општина Кратово за 2018 година .................................... 10
- Заклучок за објавување на Одлука за утврдување на надоместок на членовите на Комисија за урбанизам при Општина Кратово ................. 11
- Одлука за утврдување на надоместок на членовите на Комисија за урбанизам при Општина Кратово ............................................ 11
- Заклучок за објавување на Решение за разрешување и именување на член на Управниот одбор на ЈОУДГ "Царка Андреевска"-Кратово ............................................................. 12
- Решение за разрешување и именување на член на Управниот одбор на ЈОУДГ "Царка Андреевска"-Кратово ............................................. 12
- Заклучок за објавување на Заклучок за давање поддршка на Иницијативата за воведување на германскиот јазик како редовен предмет-втор странски јазик во ООУ "Кочо Рацин"-Кратово ...................... 13
- Заклучок за давање поддршка на Иницијативата за воведување на германскиот јазик како редовен предмет--втор странски јазик во ООУ "Кочо Рацин"-Кратово ..................................... 13
- Заклучок за објавување на Заклучок за давање поддршка на Иницијативата за отворање на нижо музичко училиште или клон на друго нижо музичко училиште во склоп на ООУ "Кочо Рацин"-Кратово ........................................................... 14
- Заклучок за давање поддршка на Иницијативата за отворање на нижо музичко училиште или клон на друго нижо музичко училиште во склоп на ООУ "Кочо Рацин"-Кратово ........................................................... 14


******************************************************************************************

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/02), а согласно член 31 од Статутот на општина Кратово ("Службен Гласник на општина Кратово" бр.6/06), Градоначалникот на општина Кратово на ден 17.07.2018 година, донесе

## З А К Л У Ч О К

**за објавување на Одлука за пренесување на правото на користење недвижен имот**

**1.Се објавува: Одлука за пренесување на правото на користење недвижен имот бр.09-1200/1,** донесена од страна на Советот на општина Кратово на седницата одржана на 16.07.2018 година.

**2.**Заклучокот да се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

**3.**Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

Бр.08 - 1211/1
17.07.2018 г.
Кратово

**Градоначалник**
**на Општина Кратово**
Д-р Љупчо Бојаџиев, с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 10 и член 62 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002), а согласно членовите 15 и 20 од Статутот на општина Кратово ("Службен Гласник на општина Кратово" бр.6/2006), Советот на општина Кратово на седницата одржана на 16.07.2018 година, донесе

## О Д Л У К А

**за пренесување на правото на користење недвижен имот**

**Член 1**

Со оваа Одлука Советот на Општина Кратово го пренесува правото на користење на простории од недвижниот имот-објект со површина од 60 м2 кој се наоѓа на к.п.бр.988/2 на ул."Ѓорги Кратовски" бр.6 во Кратово.

**Член 2**

Правото на користење и одржување на недвижниот имот од член 1 на оваа одлука се пренесува без надоместок за период од 3 (Три) години на Јавното претпријатие за комунални дејности и инфраструктура "Кратово" од Кратово кое е формирано од Општина Кратово.

**Член 3**

Примопредавањето на недвижниот имот од член 1 на оваа Одлука ќе се изврши комисиски со преставници од Општина Кратово и од ЈП "Кратово".

**Член 4**

Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен Гласник на општина Кратово".

09 - 1200/1
16.07.2018 г.
Кратово

**Претседател**
**на Советот на општина Кратово**
Ранко Арсов, с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/02), а согласно член 31 од Статутот на општина Кратово ("Службен Гласник на општина Кратово" бр.6/06), Градоначалникот на општина Кратово на ден 17.07.2018 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување на Одлука за пренесување на правото на користење недвижен имот**

**1.Се објавува: Одлука за пренесување на правото на користење недвижен имот бр.09-1201/1,** донесена од страна на Советот на општина Кратово на седницата одржана на 16.07.2018 година.

**2.**Заклучокот да се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

**3.**Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

Бр.08 - 1212/1
17.07.2018 г.
Кратово

**Градоначалник**
**на Општина Кратово**
Д-р Љупчо Бојаџиев, с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 10 и член 62 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002), а согласно членовите 15 и 20 од Статутот на општина Кратово ("Службен Гласник на општина Кратово" бр.6/2006), Советот на општина Кратово на седницата одржана на 16.07.2018 година, донесе

**О Д Л У К А**

**за пренесување на правото на користење недвижен имот**

**Член 1**

Со оваа Одлука Советот на Општина Кратово го пренесува правото на користење на недвижен имот-објект на старата училишна зграда-"Кристалограверница" кој се наоѓа на к.п.бр.799 на ул."Гоце Делчев" бб во Кратово.

**Член 2**

Правото на користење и одржување на недвижниот имот од член 1 на оваа одлука се пренесува без надоместок за период од 3 (Три) години на Јавното претпријатие за комунални дејности и инфраструктура "Кратово" од Кратово кое е формирано од Општина Кратово.

**Член 3**

Примопредавањето на недвижниот имот од член 1 на оваа Одлука ќе се изврши комисиски со преставници од Општина Кратово и од ЈП "Кратово".

**Член 4**

Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен Гласник на општина Кратово".

09 - 1201/1
16.07.2018 г.
Кратово

**Претседател**
**на Советот на општина Кратово**
Ранко Арсов, с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/02), а согласно член 31 од Статутот на општина Кратово ("Службен Гласник на општина Кратово" бр.6/06), Градоначалникот на општина Кратово на ден 17.07.2018 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување на Одлука за усвојување на Квартален извештај за извршување на Буџетот на Општина Кратово за вториот квартал од 2018 година**

**1.Се објавува: Одлука за усвојување на Квартален извештај за извршување на Буџетот на Општина Кратово за вториот квартал од 2018 година бр.09-1202/1,** донесена од страна на Советот на општина Кратово на седницата одржана на 16.07.2018 година.

**2.**Заклучокот да се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

**3.**Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

Бр.08 - 1213/1
17.07.2018 г.
Кратово

**Градоначалник**
**на Општина Кратово**
Д-р Љупчо Бојаџиев, с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 7 и член 62 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002), член 32 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11 и 192/15), а согласно членовите 15 и 20 од Статутот на општина Кратово ("Службен Гласник на општина Кратово" бр.6/2006), Советот на општина Кратово на седницата одржана на 16.07.2018 година, донесе

**О Д Л У К А**

**за усвојување на Квартален извештај за извршување на Буџетот на Општина Кратово за вториот квартал од 2018 година**

**Член 1**

Со Одлуката се усвојува Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на Општина Кратово за вториот квартал од 2018 година предложен од Градоначалникот на Општина Кратово, а детално опишан во Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на општина Кратово за периодот од 01.01.2018 до 30.06.2018 година кој е во прилог и е составен дел на оваа Одлука.

**Член 2**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен Гласник на општина Кратово".

09 - 1202/1
16.07.2018 г.
Кратово

**Претседател**
**на Советот на општина Кратово**
Ранко Арсов, с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/02), а согласно член 31 од Статутот на општина Кратово ("Службен Гласник на општина Кратово" бр.6/06), Градоначалникот на општина Кратово на ден 17.07.2018 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување на Одлука за отпис на настанати долгови за комунална такса поради застареност и бришење од евиденција**

**1.Се објавува: Одлука за отпис на настанати долгови за комунална такса поради застареност и бришење од евиденција бр.09-1203/1,** донесена од страна на Советот на општина Кратово на седницата одржана на 16.07.2018 година.

**2.**Заклучокот да се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

**3.**Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

| | |
|---|---|
| Бр.08 - 1214/1 | **Градоначалник** |
| 17.07.2018 г. | **на Општина Кратово** |
| Кратово | Д-р Љупчо Бојаџиев, с.р. |

Врз основа на член 8 од Законот за комуналните такси ("Службен весник на РМ" бр:61/04, 64/05, 92/07, 123/12, 154/15, 192/15 и 23/16), член 36 и 62 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр:5/02), а согласно член 15 и 20 од Статутот на општина Кратово ("Службен Гласник на општина Кратово" бр:6/06), и известувањето добиено од Централен регистар на РМ, Советот на општина Кратово, на седницата оддржана на 16.07.2018 година, донесе,

**О Д Л У К А**
**за отпис на настанати долгови за комунална такса поради застареност и бришење од евиденција**

**Член 1**

Со Одлуката се врши отпис на настанатите долгови по основ на комунална такса за истакната фирма поради застареност и бришење од евиденцијата согласно известувањето од Централен регистар на РМ, на следните правни лица и тоа:

**1.** СИЛПЕН-СИЛЕКС ДООЕЛ КРАТОВО, дата на бришење 25.09.2017 година, износ од 43.653,00 денари,

**2.** ТП КВИН ТОНИ, дата на бришење 07.02.2018 година , износ од 18.000,00 денари,

**3.** ДПТУ ИКА-ГРУП ДООЕЛ КРАТОВО ,дата на бришење 07.02.2018 година, износ од 32.000,00 денари,

**4.** АРТИЗАН-ДП ДООЕЛ КРАТОВО, дата на бришење 07.02.2018 година, износ од 16.000,00 денари,

**5.** ДУТУ КВИН ТОНИ ЛЕО ДООЕЛ УВОЗ-ИЗВОЗ КРАТОВО, дата на бришење 07.02.2018 година , износ од 36.000,00 денари,

**6.** ДПТУ ГОКО-КОМЕРЦ ПРОМ ДООЕЛ УВОЗ-ИЗВОЗ КРАТОВО, дата на бришење 07.02.2018 година, износ од 28.000,00 денари,

**7.** ДПТУ АГРО МАСИКОМ ЕКСПОРТ-ИМПОРТ ДООЕЛ КРАТОВО, дата на бришење 07.02.2018 година, износ од 32.000,00 денари,

**8.** ДУТУ СИТИ КОМПАНИ ДООЕЛ КРАТОВО, дата на бришење 07.02.2018 година, износ од 20.000,00 денари,

**9.** ДПТУ ЈАКИМ-ТРЕНД ДООЕЛ КРАТОВО, дата на бришење 07.02.2018 година, износ од 12.000,00 денари,

**10.** ДПТУ ДАБС-АНТОНИО ДООЕЛ УВОЗ-ИЗВОЗ КРАТОВО, дата на бришење 08.02.2018 година , износ од 8.000,00 денари,

**11.** ДПТУ СТЕФИ-БУБЕ-ПРОМ ДООЕЛ УВОЗ-ИЗВОЗ КРАТОВО, дата на бришење 08.02.2018 година, износ од 4.000,00 денари,

**12.** ДТТУ ПИЖО ГРУП 2015 ДООЕЛ КРАТОВО, дата на бришење 08.02.2018 година, износ од 8.000,00 денари,

**13.** ДПТУ СТАНКЕ ДООЕЛ УВОЗ-ИЗВОЗ КРАТОВО, дата на бришење 09.02.2018 година, износ од 8.000,00 денари,

**14.** ДПУГМ САС-ПРОМ Стојка ДООЕЛ увоз-извоз Кратово с.Туралево, дата на бришење 06.02.2018 година, износ од 12.000,00 денари,

**15.** ДПТУ ЛАМПЕВСКИ ДООЕЛ експорт-импорт Кратово, дата на бришење 05.06.2017 година, износ од 28.000,00 денари,

**16.** ДПТУ ДАБС-ДАБ ДООЕЛ увоз-извоз Кратово, дата на бришење 08.02.2017 година, износ од 12.000,00 денари,

Вкупно заостанат долг 317.653,00 денари

**Член 2**

Основ за донесување на Одлуката е и службената евиденција на Одделението за финансиски прашања и книговодствената евиденција на даночните обврзници во кои е утврдена состојбата која е наведена претходно како и законските прописи наведени во воведот на Одлуката согласно податоците од Централниот регистар на РМ.

**Член 3**

Вкупната сума на ненаплатлив долг кој е предмет на отпис со оваа одлука изнесува 317.653,00 денари.

**Член 4**

Се задолжува службата за администрирање со локални даноци и такси на општина Кратово да ја спроведе одлуката.

**Член 5**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Кратово".

09 - 1203/1
16.07.2018 г.
Кратово

**Претседател**
**на Советот на општина Кратово**
Ранко Арсов, с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/02), а согласно член 31 од Статутот на општина Кратово ("Службен Гласник на општина Кратово" бр.6/06), Градоначалникот на општина Кратово на ден 17.07.2018 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување на Одлука за изменување на Одлуката за формирање на комисии, одбори и други работни тела на советот на Општина Кратово**

**1.Се објавува: Одлука за изменување на Одлуката за формирање на комисии, одбори и други работни тела на советот на Општина Кратово бр.09-1204/1,** донесена од страна на Советот на општина Кратово на седницата одржана на 16.07.2018 година.

**2.**Заклучокот да се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

**3.**Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

Бр.08 - 1215/1
17.07.2018 г.
Кратово

**Градоначалник**
**на Општина Кратово**
Д-р Љупчо Бојаџиев, с.р.

Врз основа на член 32 и 62 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002), а согласно член 15, 37, 38, 40, 41, 44, 45, 47, 48 и 49 од Статутот на општина Кратово ("Службен Гласник на општина Кратово" бр.6/2006), Советот на општина Кратово на седницата одржана на 16.07..2018 година, донесе

**О Д Л У К А**

**за изменување на одлуката за формирање на комисии, одбори и други работни тела на советот на општина Кратово**

**Член 1**

Со Одлуката се врши изменување на Одлуката за формирање на комисии, одбори и други работни тела на Советот на општина Кратово бр.09-1328/1 од 30.10.2017 година ("Службен Гласник на општина Кратово" бр.10/2017 година) со тоа што:

"Во членот 3 во точка 2 наместо: "Мирослав Стаменовски" да стои: "Ивана Досевска".

Во останатиот дел одлуката останува непроменета.

**Член 2**

Со Одлуката се овластува Претседателот на Советот на општина Кратово да изготви поединечно решение за направената измена.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

09 - 1204/1 **Претседател**
16.07.2018 г. **на Советот на општина Кратово**
Кратово Ранко Арсов, с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/02), а согласно член 31 од Статутот на општина Кратово ("Службен Гласник на општина Кратово" бр.6/06), Градоначалникот на општина Кратово на ден 17.07.2018 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување на Одлука за обезбедување на финансиски средства за поддршка на Проект: "Маркирање на делот на Европската пешачка трансферзала Е4 низ Македонија и поставување соодветна инфраструктура во околината на Кратово"**

**1.Се објавува: Одлука за обезбедување на финансиски средства за поддршка на Проект: "Маркирање на делот на Европската пешачка трансферзала Е4 низ Македонија и поставување соодветна инфраструктура во околината на Кратово" бр.09-1205/1,** донесена од страна на Советот на општина Кратово на седницата одржана на 16.07.2018 година.

**2.**Заклучокот да се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

**3.**Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

Бр.08 - 1216/1 **Градоначалник**
17.07.2018 г. **на Општина Кратово**
Кратово Д-р Љупчо Бојаџиев, с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 и член 62 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ", бр: 5/2002), а во врска со Вториот повик за изразување интерес "Инвестиции на подгрантови во ифраструктурата поврзана со туризмот и поврзувања во дестинациите" бр.LRCP-1/18", а согласно член 15 од Статутот на општина Кратово ("Службен Гласник на општина Кратово" бр.6/2006), Советот на општина Кратово на седницата оддржана на 16.07.2018 година, донесе:

**О Д Л У К А**

**за обезбедување на финансиски средства за поддршка на Проект: "Маркирање на делот на Европската пешачка трансферзала Е4 низ Македонија и поставување соодветна инфраструктура во околината на Кратово"**

**1.** Советот на општина Кратово во Буџетот на општината, превзема обврска и обезбедува средства во износ од 1.070.100,оо (еден милион седумдесет илјади и сто) денари за реализирање на Проект поднесен по Вториот повик за изразување интерес "Инвестиции на подгрантови во ифраструктурата поврзана со туризмот и поврзувања во дестинациите" бр.LRCP-1/18 на Светска Банка - Единица за спроведување на проект ПЛРКТ "Проект за локална и регионална конкурентност во туризмот", односно за аплицирање на проектот " Маркирање на делот на Европската пешачка трансферзала Е4 низ Македонија и поставување соодветна инфраструктура во околината на Кратово", а со кој Општина Кратово учествува заедно со Федерација на планинарски спортови на Македонија (ФПСМ).

**2.**Општината превзема обврска за обезбедување на средства за кофинансирање во висина од 10 % од вредноста на проектот.

**3.** Предвидените средства од точките 1 и 2 од оваа Одлука, Буџетот на општина Кратово ќе ги ефектуира во време кога ќе се обезбедат можности за реализирање на проектот. а истите се предвидени во Буџетот на општината и се со можност да се ефектуираат кога проектот ќе биде одобрен.

**4.** Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

09 - 1205/1 **Претседател**
16.07.2018 г. **на Советот на општина Кратово**
Кратово Ранко Арсов, с.р.